# Политика за приватност

EOS. FOR A DEBT FREE WORLD

Table of Contents


**1 Вовед** **3**

**2 Цел** **3**

**3 Опсег** **3**

**4 Дефиниции** **3**

**5 Лични податоци кои се обработуваат во Компанијата, извор на лични податоци, цели за обработка и правен основ** **5**

5.1 Лични податоци на кандидати за вработување 5

5.2 Лични податоци на практиканти и вработени 6

5.3 Лични податоци на субјекти на наплата на побарувања 6

5.4 Лични податоци на посетители на работните простории во Компанијата 6

**6 Пренос на лични податоци, давање на лични податоци на користење** **6**

**7 Периоди на задржување на лични податоци** **7**

**8 Автоматско донесување на одлуки, профилирање** **7**

**9 Техничка и интегрирана заштита на личните податоци(Data protection by design and by default)** **7**

**10 Права на субјектите на лични податоци** **7**

10.1 Остварување на правата на субјектите на лични податоци 8

10.2 Контакти 8

10.2.1 Контакт податоци на Компанијата 8

10.2.2 Контакт податоци на Офицер за заштита на лични податоци 8

**11 Нарушување на лични податоци** **8**

**12 Завршни одредби** **9**

# 1 Вовед

EOS Матрих(во понатамошниот текст: Компанијата) во согласност со одредбите од Закон за заштита на лични податоци(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), врши обработка на лични податоци базирана на законска основа, докажувајќи ги притоа заложбите на Компанијата за транспарентност и отчетност кон Субјектите при обработка на личните податоци со усвојување на оваа Политика.
Со цел потврдување на заложбите за обезбедување на приватност и безбедност на информации како и заштита на личните податоци при нивна обработка, Компанијата има имплементирано Систем за управување со безбедноста на информациите ISO 27001:2013 во 2016 година, и Систем за управување со приватност на информациите ISO 27701:2019 во 2023 година.
Компанијата ги штити сите лични податоци кои ги обработува, без разлика на својството кое го има при обработката.

# 2 Цел

Целта на оваа Политика е Субјектите на лични податоци да имаат увид во целта и законитоста на обработката на лични податоци, како и начинот на обработка на истите. Преку оваа Политика, Субјектите на личните податоци можат да се запознаат со правата кои ги имаат во врска со обработката на личните податоци, како и начинот на исполнување на овие права.

# 3 Опсег

Оваа Политика се однесува на сите Субјекти чии лични податоци се обработуваат од страна на Компанијата, без разлика дали Компанијата се јавува во својство на Контролор или Обработувач на личните податоци.

# 4 Дефиниции

**Личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице;

**Обработка на личните податоци** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање

преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

**Ограничување на обработката на личните податоци** е означување на личните податоци кои се чуваат, а со цел ограничување на нивната обработка во иднина;

**Профилирање** е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување на аспекти кои се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење;

**Збирка на лични податоци** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

**Контролор** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**Обработувач на збирка на лични податоци** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

**Корисник** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка;

**Трето лице** е секое физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач или лице, кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да ги обработува податоците;

**Согласност** на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци;

**Нарушување на безбедност на личните податоци** е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено

откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат;

**Посебни категории на лични податоци** се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице;

**Податоци што се однесуваат на здравјето** се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје;

**Директен маркетинг** е секој вид на комуникација остварена на било кој начин според најновите технолошки достигнувања, а со цел испраќање на рекламна, маркетиншка или пропагандна содржина која е насочена директно до одреден субјект на личните податоци, како и обработка на лични податоци која вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со овој вид на комуникација;

**Надзорно тело** е Агенцијата за заштита на личните податоци која има статус на самостоен и независен државен орган основан согласно со овој закон (во натамошниот текст: Агенција);

**Орган на државна власт** во смисла на овој закон се други државни органи и институции основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија или согласно со друг закон.

# 5 Лични податоци кои се обработуваат во Компанијата, извор на лични податоци, цели за обработка и правен основ

Компанијата врши обработка на лични податоци на законска основа, се до исполнување на целта за нивна обработка, и тоа:
- Лични податоци на кандидати за вработување
- Лични податоци на практиканти и вработени
- Лични податоци на субјекти на наплата на побарувања
- Лични податоци на посетители на работните простории во Компанијата

## 5.1 Лични податоци на кандидати за вработување

- Извор на лични податоци: кандидат за вработување, портал за објавување на огласи(доколку кандидатот за вработување се пријави преку порталот),
- Цели за обработка: целта на оваа обработка на личните податоци е да се пополни работно место за кое има активен оглас, или имало активен оглас пред помалку од една година,
- Правен основ – согласност.

### 5.2 Лични податоци на практиканти и вработени

- Извор на лични податоци: практикант/вработен
- Цели за обработка: исполнување на правата и обврските кои ги има Компанијата, а произлегуваат од договорот кој постои меѓу Компанијата и вработениот/практикантот
- Правен основ – исполнување на договорни обврски, исполнување на законски обврски на Компанијата

### 5.3 Лични податоци на субјекти на наплата на побарувања

- Извор на лични податоци: клиенти со кои Компанијата има склучено Договор за услуги за контрола и наплата на побарувања, клиенти со кои Компанијата има склучено Договор за откуп на побарувања, субјекти на наплата на побарувања, јавни ресурси, лица со јавни овластувања(нотари, адвокати, извршители, судови), лица кои се добиени при контактирање на постоечки контакт податок добиен од Субјект на лични податоци или од клиент на Компанијата.
- Цели за обработка: Личните податоци се обработуваат со цел да се наплатат побарувањата кои Субјектот на лични податоци ги има кон Компанијата или Контролорот на лични податоци со кои Компанијата има склучено Договор за услуги за контрола и наплата на побарувања.
- Правен основ – исполнување на договорни обврски кои произлегуваат од Договор во кој едната страна е Субјектот на лични податоци.

### 5.4 Лични податоци на посетители на работните простории во Компанијата

- Извор на лични податоци: видео надзор, евиденција на посетители
- Цели за обработка: видео надзорот и евиденцијата на посетители служат за зголемување на сигурноста на работните простории, како и вработените во Компанијата
- Правен основ – легитимен интерес

## 6 Пренос на лични податоци, давање на лични податоци на користење

Личните податоци на Субјектот, Компанијата може да ги пренесе само на соработници со кои има склучено Договор за соработка кој вклучува одредби за заштита на лични податоци и на матичната Компанија во исклучителни случаи, почитувајќи ги законските обврски и барањата на имплементираните меѓународни стандарди.
Личните податоци на Субјектот, Компанијата може да ги даде на користење на корисник кој е овластен за обработка на личните податоци согласно закон. Компанијата води евиденција за личните податоци кои се дадени на користење на други корисници.

## 7 Периоди на задржување на лични податоци

Компанијата има дефинирани периоди на задржување на личните податоци во согласност со законски предвидените рокови.
По исполнување на целта на обработката на лични податоци, односно по истек на периодот на задржување, Компанијата ги брише личните податоци.

## 8 Автоматско донесување на одлуки, профилирање

Компанијата не користи алатки за автоматско донесување на одлуки и профилирање кои можат да имаат негативно влијание врз субјектот на лични податоци. При користење на алатки за автоматско донесување на одлуки или профилирање, Компанијата редовно ја проверува работата на алатките кои се користат.

## 9 Техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default)

Компанијата спроведува редовна анализа на ризици при што ги утврдува веројатноста и сериозноста на влијанието врз приватноста, правата и слободите на субјектите на лични податоци кои произлегуваат од обработката.
При процесот на обработка на лични податоци Компанијата според најновите технолошки достигнувања, а согласно целите на обработка применува соодветни технички и организациски мерки развиени со цел ефикасно спроведување на начелата за заштита на личните податоци и обезбедување на доверливост при нивна обработка.

## 10 Права на субјектите на лични податоци

Компанијата во целост ги почитува правото на приватност како и сите законски предвидени права кои Субјектот на лични податоци ги има согласно Закон за заштита на лични податоци:

- **Право на пристап на субјектот на лични податоци** – доколку Субјектот на лични податоци поднесе барање за исполнување на правото, Комапнијата ќе му ги даде сите информации поврзани со обработката на личните податоци.
- **Право на исправка** – доколку Субјектот на лични податоци поднесе барање, Компанијата ќе ги поправи личните податоци кои ги обработува. Компанијата се грижи секогаш да обработува точни лични податоци.
- **Право на бришење** – доколку Субјектот на лични податоци поднесе барање, а притоа целта за обработка на лични податоци е исполнета, доколку е во согласност со законските прописи Компанијата ќе ги избрише личните податоци на Субјектот.
- **Право на ограничување на обработката** – доколку Субјектот на лични податоци поднесе барање и притоа се исполнети условите, Компанијата ќе престане да ги обработува личните податоци(вклучително, по потреба ќе го одложи и бришењето на истите) на определен рок.

- **Право на приговор** – Субјектот има право да поднесе приговор за обработката на личните податоци, при што Компанијата ќе престане да ги обработува додека не докаже дека постои основ за обработка на истите.

## 10.1 Остварување на правата на субјектите на лични податоци

Субјектите на лични податоци имаат право лично да поднесат барање за остварување на нивните права во работните простории на Компанијата, во работно време при што се должни да приложат на увид документ за лична идентификација на вработено лице во Компанијата, со цел да се утврди идентитетот на Субјектот на лични податоци. Барањето за остварување на правата на субјектите на лични податоци може да се пополни во просториите на Компанијата или да се превземе од веб-сајтот(на страницата каде што е поставена оваа Политика).

## 10.2 Контакти

### 10.2.1 Контакт податоци на Компанијата

EOS Матрих ДООЕЛ
бул.Илинден бр.109 лок.6

1000 Скопје
Македонија
Телефон: +389 2 3200 400
Емаил: infomk@eos-matrix.mk
Работно време: понеделник - петок: 08:00 – 16:00

### 10.2.2 Контакт податоци на Офицер за заштита на лични податоци

Катерина Коцева
Телефон: +389 71 213 221
Емаил: mk-dpo@eos-matrix.mk

# 11 Нарушување на лични податоци

Во случај на нарушување на личните податоци, Компанијата веднаш превзема мерки за проценување на нарушувањето и неодложно ги известува сите засегнати страни, вклучувајќи ги и Агенцијата за заштита на лични податоци и Субјектите на лични податоци доколку утврди дека е потребно, со цел отстранување на можните последици, а во насока на потврдување на утврдените политики на Компанијата во поглед на транспарентност и отчетност кон субјектите на лични податоци.

## 12 Завршни одредби

Оваа Политика за приватност е валидна и последен пат е ажурирана во Мај 2023 година.